# ПРОТОКОЛ
# ЗА ПОЛАГАЊЕ ЗАВРШНИ ИСПИТИ СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ (УТМС)

## ПРЕД ПОЛАГАЊЕ НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

1. Полагањето на завршни испити со физичко присуство ќе се одржи во Амфитеатарот и сите прадавални на УТМС, по претходно јавно и навремено објавен распоред за полагање на веб страната на Универзитетот.
2. Студентите и вработените кои го спроведуваат испитот се должни за време на целиот престој да носат заштитни маски (задолжително да ги покриваат носот и устата) и ракавици. Заштитните маски и ракавиците ќе бидат обезбедени и од Универзитетот.
3. Студентите пред влегувањето на Универзитетот задолжително ќе ги дезинфицираат обувките на простирки натопени со дезинфекционо средство поставени на влезот на Универзитетот.
4. На студентите при влегувањето на Универзитетот задолжително ќе им бидат дезинфицирани рацете од страна на овластени лица од Универзитетот
5. Студентите треба да држат соодветено растојание од најмалку 2 метра пред да влезат во зградата на Универзитетот.
6. На студентите кои пред почеток на испитот имаат респираторни симптоми (температура, кашлица, отежнато дишење) им се забранува да присуствуваат на испитот.

## ПРИ ПОЛАГАЊЕ НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

1. Студентите при полагањето седнуваат на посебно означените места на кои веќе се претходно поделени потребните тестови за полагање.
2. Распоредот на седење на студентите во просториите треба да биде направен со строго почитување на меѓусебната физичка дистанца помеѓу секој студент од најмалку 2 метри.
3. Просториите за време на одржување на испитот, треба постојано да се проветруваат.
4. Во секоја од просториите кадешто ќе се полагаат испитите ќе биде поставено средство за дезинфекција на рацете, кое студентите треба да го употребат по завршувањето на испитите.

## ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ИСПИТОТ

1. По завршување на испитот, студентот ги остава тестовите од полагањето на точно означеното место. На барање на наставникот кој го спроведува полагањето студентот е должен на кратко да ја спушти маската поради проверка на идентитетот, но со строго почитување на препорачаната физичка дистанца.

2. По завршување на испитот одржан во одредена просторија, а пред отпочнување на наредниот испит во истата просторија, од страна на хигиеничарите на Универзитетот, ќе се изврши дезинфекција на просторијата односно на подот, масите, катедрите, кваките и прекинувачите, со средства предвидени со Протоколот.
3. Просториите помеѓу два термина за полагање на испитите задолжително треба да бидат проветрувани.
4. Помеѓу двата термина за полагање на испити во иста просторија треба да има временско растојание од најмалку 30 минути.
5. Во просторијата во која се полагаат испитите задолжително има корпа за отпадоци со капак.

**<u>ОПШТИ НАПОМЕНИ</u>**

1. На студентите пред отпочнувањето како и по завршување на испитите, им се забранува задржување и групирање во рамките на зградата на Универзитетот. Во случај на било какво непотребно задржување или групирање, веднаш ќе биде опоменат од вработените или обезбедувањето на Универзитетот заради почитување на пропишаните мерки и протоколи за полагање.
2. Лицата задолжени за одржување на хигиената на Универзитетот задолжително ги дезинфицираат сите површини кои ги користат повеќе луѓе редовно и зачестено, (подови, врати, кваки, рачки, чешми итн.) и водат евинденција за спроведеното чистење и употреба на дезинфекционите средства согласно Протоколот.

**Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје**